UDC: 811.163.3’28
Review article

DIALECTOLOGICAL VIEWS (CONCERNING DIALECTOLOGY OF THE MACEDONIAN LANGUAGE)
ДИЈАЛЕКТОЛОШКИ ОГЛЕДИ (СО ОСВРТ НА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК)

Mihajlo MARKOVIC[1], **Sonja NOVOTNI**[2]

[1*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*

[2] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*

[*]*Corresponding author e-mail: mihailo.markovic@unite.edu.mk & sonja.novotni @unite.edu.mk*

Abstract

As a scientific discipline, dialectology is a relatively young science. It was formed during the 19th century and is associated with the emergence of the Young Grammar School in Linguistics. With the development of Slavism in the second half of the 19th century there was an interest in Macedonian dialects. The Macedonian dialect system as peripheral to other Slavic dialects was particularly interesting to scholars. The purpose of this paper is to present Macedonian dialects as a national, cultural and literary linguistic wealth.

Through the methods of analysis and synthesis, the method of comparison, the inductive and deductive method, the method of classification and the descriptive method we do research on linguistics and its subdisciplinary dialectology, and the emphasis on the Macedonian dialectology through for the major studies, scholars and linguistic values of this discipline to emphasize the value of dialectology in language science more clearly.

Keywords: *dialectology, linguistics, language, Macedonian.*

Апстракт

Како научна дисциплина, дијалектологијата е релативно млада наука. Се оформува во текот на XIX век и е сврзана со појавата на младограматичарската школа во лингвистиката. Со развојот на славистиката во втората половина на XIX-тиот век се јавува и интерес за македонските дијалекти. Македонскиот дијалектен систем како периферен во однос на останатите словенски дијалекти бил особено интересен за научниците. Целта на трудот е да се даде приказ на македонските дијалекти како национално, културно и книжевно лингвистичко богатство.

Преку методите на анализа и синтеза, методот на компарација, индуктивниот и дедуктивниот метод, методот на класификација и дескриптивниот метод направивме истражување за лингвистиката и нејзината поддисциплина (дијалектологијата), а акцентот го удривме на македонската дијалектологија, преку што ги извлековме заклучоците за главните проучувања, проучувачи и лингвистички вредности на оваа дисциплина, за појасно да ја истакнеме вредноста на дијалектологијата во јазичната наука.

Клучни зборови: *дијалектологија, лингвистика, јазик, македонски.*

Увод

Дијалект (грчки: διάλεκτος) или наречје е разновидност на еден јазик којашто се зборува на одредена географска област и којашто не е кодифицирана (за разлика од книжевниот јазик). И покрај тоа што дијалектот не е официјално кодифициран, сепак тој си има одредени граматички, фонетички, синтактички и пред сè лексички особености, коишто во помала или поголема мерка го прават поразличен од книжевниот (литературен, стандарден) јазик. Дијалектот на поширока област може да се дели и на поддијалекти, а тие на свои поддијалекти итн.

Македонската дијалектологија е посебна развиена гранка на македонистиката која се занимава со проучување, истражување, документирање и зачувување на македонските дијалекти. Како стабилна научна дисциплина во македонистиката, дијалектологијата се развила после кодификацијата на македонскиот јазик, но нејзиното присуство се забележува и пред 1940-тите години. Дијалектологијата на македонскиот јазик е постара дисциплина и датира уште од првите научни трудови кои се занимавале со македонскиот јазик или од втората половина на 19-тиот век.

Како позначајни македонски дијалектолози се забележуваат Ватрослав Јагиќ, Ватрослав Облак, Виктор Иванович Григориевич, Мјечислав Малецки, Зузана Тополињска, Божидар Видоески и други. Кодификацијата на македонскиот јазик е само формално официјализирање на јазикот, кој во лингвистичкиот свет бил од многу поодамна познат. Самата кодификација на јазикот е директен резултат на осамостојувањето на Македонија во рамките на Југославија и можноста да се донесат закони за прогласување на македонскиот јазик како официјален, како и сфаќањата на светските лингвисти дека на територијата на Македонија се зборува посебен јазик со развиен дијалектен систем.

Токму дијалектите биле важен елемент во изучувањето на јазикот и благодарение на резултатите од истражувањата од областа на македонскиот јазик на многуте странски лингвисти, дошло и до меѓународно формално прифаќање на македонскиот јазик. (ИМЈ, 2008: 7-17.) Во пораниот период со македонските дијалекти претежно се занимавале странски лингвисти и слависти. Вук Караџиќ, основоположникот на српската писменост, исто така бил заинтересиран за македонските народни говори и во една своја книга во 1822-та г. објавил дваесетина народни песни и текстови од Разлошко.

Интересот кон македонските народни говори особено се засилил со објавувањето на повеќе збирки на фолклорни материјали, како што се: зборниците со народни песни на Стефан Верковиќ (1860), зборникот на браќата Константин и Димитрија Миладинови (1861), а подоцна и зборниците со народни песни и приказни на Кузман Шапкарев и на Марко Цепенков. Сите овие материјали давале огромни можности за проучување на македонските народни говори. Меѓу позначајните проучувачи на македонските дијалекти во тој период се јавуваат славистите Франц Миклошич и Ватрослав Јагиќ кои се интересирале за остатоците на назализмот во јужните македонски говори.

Присуството на назалите Ѧ и Ѫ во периферните македонски говори развила широка дискусија меѓу славистите кон крајот на XIX-тиот век. Најголемо внимание во тој период предизвикала работата на Словенецот Ватрослав Облак (1864-1896) кој бил ученик на Ватрослав Јагиќ. Тој ја потврдил и ја докажал тезата дека основата на старословенскиот јазик е од јужните македонски говори, поточно од околината на Солун. Тој ги проучувал солунските говори, посебно говорот на селото Сухо. Негова најпозната книга е „Македонски студии" објавена во Виена во 1896-тата година. Со оваа книга дефинитивно победува македонската теорија за потеклото на старословенскиот јазик. По образецот на книгата „Македонски студии" од Облак, почнале да се јавуваат и други студии.

Во 1901-та г. се појавува описот на охридскиот говор од Ефтим Спространов. Димитар Мирчев објавува две монографии -- една за кукушко-воденскиот говор и една за прилепскиот говор. Огромниот интерес меѓу славистите за македонската дијалектологија продолжува и во првата половина на дваесеттиот век. Посебно се истакнуваат трудовите на рускиот научник Афанасиј Матвеевич Селишчев. Тој во 1914 година и престојувал во Македонија каде вршел повеќе истражувања. Во 1918 година во Казањ, Русија, Селишчев ја објавува својата докторска дисертација „Белешки од македонската дијалектологија" во која дава преглед на дијалектните карактеристики на целата македонска јазична територија.

Тој потоа објавувал и други трудови (околу 20) поврзани со македонските дијалекти. Во периодот меѓу двете светски војни најмногу се истакнуваат трудовите на француските слависти Андре Мазон и Андре Вајан. Андре Вајан се занимава со проучувањето на јужномакедонските говори, и покрај другите трудови, во 1938-та г. го објавува делото „Кулакиско евангелие" (со предговор од Мазон). Исто така, огромно е и значењето на Андре Мазон, кој по Облак и Селишчев има најголеми заслуги за претставувањето на македонските дијалекти на европската славистичка јавност. Тој вршел истражувања и теренската работа врз југозападните македонски говори.

Неговата обемна книга за говорите во Корчанско (Албанија), поточно за говорот на селата Бобошчица и Дреновени ни дава извонредно богат материјал за оние говори во кои се зачувани најстарите карактеристики на македонскиот јазик. Материјалите, текстовите и песните претставени во таа книга и до денешен ден претставуваат многу значаен извор за проучување не само на македонската дијалектологија, туку и на славистиката и балканистиката во пошироки рамки. Во периодот меѓу двете светски војни со проучување на македонските дијалекти се занимава и полскиот славист Мјечислав Малецки.

Тој ја продолжува работата на Јагиќ и Облак врз јужните македонски говори, поточно говорите на солунските села Сухо и Висока кои ги истражувал повеќе години. Тој не само што ја поткрепил теоријата за македонското потекло на старословенскиот јазик токму од овие говори, туку и за тоа дека македонскиот јазик претставува посебна индивидуалност во јужнословенската јазична група. Истражувањето на солунските говори подоцна го продолжил и ученикот на Малецки, Збигњев Голомб, кој даде огромен придонес во пручувањето на македонската дијалектологија, славистиката и балканистиката. Со оформувањето на македонскиот литературен јазик по Втората светска војна, почнува интензивен развој и проучување на македонските дијалекти.

Авторот на „Граматиката на македонскиот јазик", Блаже Конески во 1947 година ја објавува монографијата „Прилепски говор". Во педесетите години на дваесетиот век се појавуваат повеќе монографии и мали трудови посветени на одделни македонски говори. Основоположник на македонската дијалектологија е академикот Божидар Видоески (1920-1998), кој има објавено преку 300 труда од областа на дијалектологијата и претставува едно од најзначајните имиња на македонската и словенската дијалектологија на дваесеттиот век.

Под раководство на Видоески, многумина македонски научници работеа на документирањето на македонските дијалекти со цел да се добие целосна слика на македонскиот дијасистем. Меѓу нив би ги истакнале: Коста Пеев, Стојка Бојковска, Максим Каранфиловски, Васил Дрвошанов, Веселинка Лаброска, Убавка Гајдова, Гоце Цветаноски и други. По смртта на Б. Видоески во 1998 година, неговите соработници и ученици од МАНУ, Институтот за македонски јазик и Филолошкиот факултет, подготвуваат неколку монографии базирани на трудовите на Видоески, а исто така продолжуваат и со проучување на македонските дијалекти.

Во МАНУ, академик Зузана Тополињска со тимот издава неколку монографии (скоро 1000 страници и 150 дијалектни карти) на Божидар Видоески (постхумно): Дијалектите на македонскиот јазик, Том 1, Дијалектите на македонскиот јазик, Том 2, Дијалектите на македонскиот јазик, Том 3, Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик, Фонолошки бази на говорите на македонскиот јазик итн. Истовремено, и Институтот за македонски јазик постхумно објавува дел од трудовите на Видоески, а тоа се: Текстови од дијалектите на македонскиот јазик, Прашалник за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас итн.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Марјан Марковиќ, во 2001 година приредува (врз база на трудовите на Б. Видоески) учебник (со дијалектни текстови) за студентите под наслов „Дијалектологија на македонскиот јазик 1", а подоцна и „Дијалектологија на македонскиот јазик 2". Во МАНУ во 2000 год. се формира Истражувачки центар за ареална лигвистика (ИЦАЛ) којшто претставува продолжување на неформална лингвистичката ќелија која во 1991 год. ја создаде при МАНУ Божидар Видоески како база за изработка на меѓународните лингвистички атласи.

Во работата на Центарот се вклучени голем број научници од повеќе научни и образовни центри од земјава и странство. Центарот успешно учествува во повеќе меѓународни проекти меѓу кои најзначаен е проектот „Меѓународни лингвистички атласи". Еден од поголемите зафати на ИЦАЛ во рамките на македонската и словенската дијалектологија е објавувањето (со сопствени сили) на четвртиот фонетски том на Општословенскиот лингвистички атлас во соработка со САНУ. (Марковиќ, 2019: 1-7)

Според структурата, македонскиот јазик спаѓа во источната група на јужнословенските јазици, заедно со бугарскиот јазик. Овие два јазика, за разлика од словенечкиот и од другите словенски јазици, имаат необично упростена деклинација, односно аналитичка деклинација, со тоа што падежите се заменуваат со предлошки конструкции во кои се јавува една општа именска форма. Спротивно на ова, кај глаголскиот систем во македонскиот јазик се развил еден многу сложен систем на категории и времиња, каде, не само што се зачувани повеќето форми од стариот јазик, туку се оформиле и други посложени форми. (Конески: 169).

За ова најголема улога одиграло влијанието кое го вршела балканската јазична средина, особено влијанието на грчкиот, албанскиот, романскиот и на турскиот јазик. Македонскиот јазик брои околу 27 дијалекти поделени во три главни групи. Главната граница помеѓу двата блока на источните и западните дијалекти е планината Скопска Црна Гора, продолжувајќи со реката Вардар, реката Струма и долниот тек на реката Места, па сè до Егејското Море. Особини на западните дијалекти се тоналитетот, употребата на тројниот член и акцентот којшто паѓа на третиот слог од крајот на зборот. Заедничка особина за источните дијалекти е побрзиот тоналитет на зборување, кратење на зборовите и променлива позиција на акцентот.

Дијалектите се зборуваат на целата територија на Република Македонија, Пиринска Македонија, Егејска Македонија, Мала Преспа, Голо Брдо и Јужна Србија. Македонскиот јазик, со сите негови дијалекти има над три милиони говорители. Дијалектите на македонскиот јазик се карактеризираат по местоположбата на регионот во кој се зборуваат. Македонската јазична територија го опфаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров, и тоа сливот на реките Вардар, Струма и долниот тек на реката Места. На запад, македонската јазична територија граничи со албанскиот јазик.

Поголемиот дел од таа јазична граница се совпаѓа со државната граница меѓу Македонија и Албанија, а на географски план неа ја претставуваат планинскиот венец Кораб - Дешат - Јабланица, откаде се спушта на југозападниот дел на Охридското Езеро. По должината на оваа граница, на албанска страна остануваат триесетина населени места со македонско население, во долината на реката Дрим, западно од Дебар, и во областа

позната како Голо Брдо и три села на брегот на Охридското Езеро околу градот Подградец. Од јужниот брег на езерото, јазичната граница завртува на југоисток и преку планината Галичица излегува на југозападниот брег на Преспанското Езеро, а оттаму продолжува на југ и преку планината Мокра Гора излегува на Грамос, југозападно од Костур. На овој дел од границата, на албанска страна, остануваат десетина села на западниот брег на Преспанското Езеро и три села источно од Корча, Република Албанија. На македонско-албанското јазично пограничје, на потесен ареал живее мешано македонско и албанско население.

Оваа област ја опфаќа територијата на правецот Скопје - Тетово - Гостивар - Дебар - Струга - Подградец - Корча. Во овој дел населението главно е билингвално. На југ, македонскиот јазик граничи со грчкиот јазик, на сиот простор од планината Грамос па сè до реката Места во Тракија. Според Божидар Видоески и повеќе други лингвисти, јазичната граница навлегува многу подлабоко на југ од денешната државна граница меѓу Македонија и Грција. Така, македонскиот јазик може да се слушне сè до линијата Грамос - Бер - Солун. Од Солун таа продолжува на исток и преку областа Богданско (каде се наоѓаат многу познатите, во дијалектологијата села Сухо и Висока) излегува на реката Места, малку посевероисточно од градот Драма.

Во ареалот на македонско - грчката јазична граница, на поширок простор во Егејска Македонија, живее мешано македонско и грчко население. Во северозападниот дел од денешна Грција, покрај македонско, живее грчко, албанско и влашко население. Тука населението во голем процент е тријазично. На исток, македонскиот јазик граничи со бугарскиот јазик. Според македонските лингвисти, оваа граница ја претставува планинскиот венец Доспат - Рила. Од Рила границата свртува на северозапад, малку посеверно од Благоевград (Горна Џумаја) и излегува на државната граница меѓу Македонија и Бугарија. Официјалната позиција на Бугарија е дека во рамките на нејзината територија не се зборува македонски јазик, а на бугарските лингвисти дека во суштина, македонскиот е самиот по себе, дијалект на бугарскиот јазик.

Според повеќе меѓународни извори, македонскиот јазик се зборува во Бугарија, но не се даваат конкретни податоци за бројот на зборувачите, ниту пак за нивната припадност кон определен дијалект на македонскиот јазик. Македонското население во Пиринска Македонија, која е во составот на Бугарија, покрај службениот бугарски јазик го употребува и својот мајчин (роден) македонски дијалект. Во источните делови на Пиринска Македонија и во делови од Егејска Македонија до Солун се бележат повеќе заеднички дијалектни и јазични особености, а ние го издвојуваме јатовиот глас ѣ кој се изговара како во Источна Бугарија - дјадо (дядо), њама (няма), млјако (мляко) наместо дедо, нема, млеко итн. На север, македонската јазична граница се совпаѓа со државната граница меѓу Македонија и Србија. (Марковиќ, 2001: 7-33)

Слика 1. Дијалектна карта на македонскиот јазик.

Во македонската дијалектолошка наука ја имаме следната поделба на дијалектните наречја и нивните дијалектни групи: Северно наречје - Западна група: Долнополошки дијалект; Скопскоцрногорски дијалект; Горански дијалект. Северно наречје - Источна група: Кумановски дијалект; Кратовски дијалект; Кривопаланечки дијалект; Овчеполски дијалект; Западно наречје - Централна група: Прилепско-битолски дијалект; Кичевско-поречки дијалект; Скопско-велешки дијалект; Западна и северозападна група: Горнополошки дијалект; Реканси дијалект; Галички дијалект; Дебарски дијалект; Дримколско-голобрдски дијалект; Вевчанско-радошки дијалект; Струшки дијалект; Охридски дијалект; Горнопреспански дијалект; Долнопреспански дијалект; Источно и јужно наречје - Источна група: Тиквешко-мариовски дијалект; Штипско-Кочански дијалект; Струмички дијалект; Малешевско-пирински дијалект; Југозападна група: Нестрамско-костенарски дијалект; Корчански дијалект; Костурски дијалект; Југоисточна група: Солунско-воденски дијалект; Серско-драмско-лагадинско-неврокопски дијалект. (Видоески, 1999: 7-14)

Во однос на методите би споменале дека самиот збор метод значи постапка, начин или пат во некоја работа, според однапред избран ред, за постигнување на некаква цел. Методите (постапките) во научните проучувања можат да бидат: описни (дескриптивни) и причински (каузални). Описните (дескриптивните) методи се применуваат за опис на дијалектите, на нивните фонетски, граматички, лексички и други особености. Причинските (каузални) методи се однесуваат на пронаоѓање на причините за појавата на одредени јазични проблеми, процеси и сл.

Најчесто применувани методи во дијалектолошките проучувања се: описниот (дескриптивниот), методот на анализа и синтеза, историско-споредбениот, контрастивниот, географскиот (ареалниот) метод и др. Описниот метод претставува постапка која се состои во опишување на дијалектот, т.е. метод кој овозможува најсцрпно, економично и точно претставување и дефинирање на опишуваниот проблем. При опишувањето на еден или повеќе дијалекти се користи анкетирањето. Оваа постапка се спроведува преку две форми: разговор (дијалог) и запис (бележење). Постојат неколку принципи кои се важни во примената на методот на анкетирање.

Разговорот подразбира разговор со носителот на дијалектот. Во дијалектолошките проучувања како прв принцип во примената на формата разговор е водење разговор со поединец или поретко со група претставници на даден дијалект. Вториот принцип во процесот на анкетирањето и формата разговор е пронаоѓање што подобри и поавтентични зборувачи. Третиот принцип се состои во изборот на темите за разговор. Потребен е добар избор на теми за разговор. Втората форма во примената на анкетниот метод во проучувањето на дијалектите е записот или бележењето на дијалектен материјал. Записот се прави со помош на прашалник (квестионар) и тонски (магнетофонски) запис.

Прашалникот претставува структурно составена книга која содржи инвентар на дијалектни проблеми групирани по јазични области и список. Во зависност од карактерот има два вида: тематски и проблемски. Во современите дијалектолошки анкетирања најчесто се користи магнетофонско (тонско) запишување (снимање) на дијалектниот материјал. Ексцерпирањето е важна постапка во описниот метод. Тоа се состои во испишување на важни податоци, јазични карактеристики од испитуваниот дијалект, од група дијалекти или од наречје, како и нивно систематизирање.

Методот на анализа и синтеза се состои во расчленување/разоткривање на целокупната структура на дијалектот. Историски-споредбениот метод се состои во истражување на историските причини за појава на некои дијалектно-јазични процеси и појави. Контрастивниот метод претставува опис на откриени (евидентирани) сличности и разлики помеѓу дијалектниот и стандардниот јазик на современ план. Во современите дијалектолошки анкетирања најчесто се користи магнетофонско (тонско) запишување (снимање) на дијалектниот материјал.

Ексцерпирање е важна постапка во описниот метод. Тоа се состои во испишување на важни податоци, јазични карактеристики од испитуваниот дијалект, од група дијалекти или од наречје, како и нивно систематизирање. Методот на анализа и синтеза се состои во расчленување/разоткривање на целокупната структура на дијалектот. Историски-споредбениот метод се состои во истражување на историските причини за појава на некои дијалектно-јазични процеси и појави. Контрастивниот метод претставува опис на откриени (евидентирани) сличности и разлики помеѓу дијалектниот и стандардниот јазик на современ план. Географскиот или ареален метод е резултат на брзиот развиток на науката за јазикот.

Така во почетокот на XX-тиот век се развива нов метод наречен лингвистичка географија или ареална лингвистика. Лингвистичката географија се занимава со географско претставување на дијалектните појави и ги установува границите на нивното територијално (ареално) распространување. (Бојковска, Минова-Ѓуркова, Пандев, Цветковски, 2008: 322-462). Во суштина, методот на зборови има две значења. Прво, методот е метод на теоретско истражување или практично спроведување. Во оваа смисла, тоа го перцепираат научниците. На пример, емпириски (т.е. врз основа на искуство), или од општо до особено.

Вреди да се напомене дека овие примери се методи на сознание, што е само една од областите на методологијата. Второ, методот е начин да се дејствува на одреден начин, варијанта на акција избрана од една или друга личност/организација, итн. На пример, управување, контрола, манипулативни методи. Дијалектолошката наука е жива материја којашто трпи промени и еволуција. Самото нејзино еволуирање под разни лингвистички и екстралингвистички влијанија изискува и еволуирање/унапредување на методите со кои се пристапува кон ареалната лингвистика.

За ваквиот приод кон повторните или терцијалните проучувања и испитувања на информаторите како клучна алка во дијалектолошките истражувања, потребни се современи техники и методи за пенетрирање во клучните елементи кои се елементарни за приказ на диференцијацијата којашто се огледала во даден микро/макро говор. Методот се разликува од техниката, на прво место по помалку специфичност. Вториот е готов алгоритам, односно упатство за активности. Истиот метод може да се примени во различни случаи, додека методите во најголем дел се тесно специјализирани и развиени за специфични околности.

Сметаме дека првиот чекор во дијалектолошките истажувања е набљудувањето и експериментирањето, односно слободниот пристап и проценка на истражувачот преку моделирање, кое е со различна природа во зависност од спецификите на ареалот (географски). Набљудувањето вклучува избор на факти, утврдување на нивните знаци, опис на забележан феномен во вербална или симболична форма, во форма на графикони, табели, геометриски структури и сл. Лингвистичкото набудување се однесува на избор на лингвистички феномени, одвојување од усна или писмена артикулација на одреден факт и негова корелација со истражената парадигма на феноменот.

Овде би кореспондирала и употребата на инструменти и апарати (експериментална фонетика, прашалници, тонски снимачи и сл.). Важен општ научен елемент на когнитивниот процес е и толкувањето, чија суштина е да се открие значењето на резултатите од студијата, и истите да се инкорпорираат во системот на постојното знаење. Во 60-тите и 70-тите години на XX-тиот век се појави и разви цел научен правец - интерпретативна лингвистика, којшто го проучуваше значењето на јазичните единици зависни од интерпретативните активности на човекот.

Јазичните методи на истражување се карактеризираат првенствено со ретка употреба на инструментален експеримент, како и слаба формализација на доказите. Лингвистот обично анализира со преклопување на постојното знаење за предметот на истражување на специфичен материјал (текст) од кој се зема одреден примерок, а теоријата е изградена врз основа на модели. Толкувањето на различните фактички материјали според правилата на формалната логика и научната интуиција се карактеристични одлики на јазичните методи. (Селевко, 1998: 19-49)

Најчестиот метод е секогаш единството на „теоријата на методот", изолирајќи ја таа страна на предметот на проучување, кој е признат како најважен во оваа теорија. На пример, историскиот аспект на јазикот во компаративната историска лингвистика, психолошкиот аспект во психолингвистиката, структурниот аспект во структурната лингвистика, итн. Секоја голема фаза во развојот на лингвистиката, која се карактеризира со промена на ставовите за јазикот, беше придружена со промена во методот на истражување, желба да се создаде нов општ метод.

Така, секој метод има свој обем, ги истражува неговите аспекти, својства и квалитети на предметот. На пример, употребата на компаративниот историски метод во лингвистиката е поврзана со сродноста на јазиците и нивниот историски развој, и статистиката - до дискретноста на јазичните единици, нивните различни фреквенции, итн. Во квантитативната студија на јазичните единици, во зависност од целите на студијата, може да се користат различни техники во кои се направени се груби проценки, точни пресметки, целосен или делумен избор на јазични единици и слично.

Техниката ги опфаќа сите фази на студијата меѓу кои набљудувањето и собирањето на материјал, изборот на единици за анализа и утврдување на нивните својства, методот на опис, анализата на приемот, природата на толкувањето на феноменот итн. Најдобриот метод и техника на истражување може да не ги донесе посакуваните резултати без соодветна методологија на истражување.

При карактеризирање на секој од лингвистичките дијалектни трендови, методолошки проблеми го заземаат ова место во поголема или во помала мера, а во рамките на истиот лингвистички тренд, насоката најчесто не лежи во методите на истражување, туку во различните методи на анализа и опис на материјалот, нивната сериозност, формализацијата и значењето во теоријата, како и практиката на истражувањето. Така, методологијата, методот и техниката се тесно поврзани и меѓусебно ги зајакнуваат концептите. Изборот на одреден методолошки принцип, обемот на методот и методологијата зависи од истражувачот и од целите на истражувањето, а во нашиот случај тоа е дијалектологијата на македонскиот јазик.

Заклучни согледби

Од спроведената анализа и приказ на дијалектологијата на македонскиот јазик можеме уште еднаш да го искажеме задоволството од богатството и комлексноста на македонската дијалектологија на квалитативен и на квантитативен лингвистички план. Имено, ареалната лингвистика претставува основа за нормирањето на јазиците во светот сумирано низ глобално-јазичната призма на дијахрониската маркираност и еволуитивност.

Преку ваквиот пристап кон дијалектолошките огледи и студирањето на употребата на различните современи техники и методи преку моделирање на теоријата и практиката за продуктивноста во дијалектолошките истражувања, се надеваме дека ќе дадеме мал придонес и поттик кон квантитативен скок на истражувањата и истражувачите на дијалектологијата како суштествена наука, со посебен акцент на македонската дијалектологија.

Референции

[1]. Видоески, Б. (1977). „Тенденции во развојот на македонскиот дијалектен јазик во XIX и XX век". *Прилози на МАНУ II/1-2*, Скопје.

[2]. Видоески, Б. (1999). *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, МАНУ. Скопје.

[3]. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", (2008). *Македонски дијалектен атлас – Пролегомена*. Скопје.

[4]. Конески, Б. (1981). *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје.

[5]. Марковиќ, М. (2019). *Развојот на македонската дијалектологија и нејзините претставници.* (https://www.rastko.rs/cms/files/books/488988ac0788a - 22.7.2019).

[6]. Марковиќ, М. (2001). *Дијалектологија на македонскиот јазик I* (според Божидар Видоевски). Скопје.

[7]. Пенкова, Р. И. (1994). *Технологија на управување со процесот на образование на младите*. Скопје.

[8]. Питуков, В. Ј. (1997). *Основи на образовната технологија*, Скопје.

[9]. Селевко, Г. К. (1998). *Модерна образовна технологија*, Скопје.

[10]. Бојковска, С, Л. Минова-Ѓуркова, Д. Пандев, Ж. Цветковски, (2008). *Општа граматика на македонскиот јазик*. Скопје.

[11]. Шуркова, Н. Е. (1992). *Педагошка технологија (педагошко влијание во процесот на едукација на учениците)*, Скопје.